Врз основа на член 31 став 1 алинеа 4 а во врска со член 68 став 1 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр. 9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на Општина Дојран објавува,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1077/1
02.11 2023 год
СТАР ДОЈРАН

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за финансирање на културните активности од Буџетот на Општина Дојран за 2024 година**

Право на учество имаат здруженија на граѓани и други правни лица од областа на културата кои делуваат на територијата на Општина Дојран.

Здруженијата на граѓани и другите правни лица кои учествуваат на овој повик потребно е :

- да придонесат за збогатување на културниот живот во општината;
- да придонесат за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Дојран;
- да го поттикнат и афирмираат културното творештво на младите уметници;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
- да обезбедат континуитет на традиционалните културно уметнички манифестации кои се од локален карактер.

Потребна документација која здруженијата на граѓани и други правни лица од областа на културата треба да ја достават:

- Документација од извршена регистрација на субјектот (Копија);
- Годишна програма за работа за 2024 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Дојран за 2023 година (до денот на поднесување на пријавата);

Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **30.11.2023 година (Четврток) до 15 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Дојран или преку пошта на адреса: Општина Дојран, ул.„кеј 5-ти Ноември" бр.бб, 1486 Стар Дојран, **„за финансирање на активности од областа на културата за 2024 година".**

Здруженијата, учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по донесување на годишната Програма за финансирање на културните активности во општина Дојран за 2024 година.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ДОЈРАН